**ИНФОРМАТОР бр.1**
**Прва Детска Амбасада во Светот - Меѓаши (ПДАСМ)**

**Кризата во Република Македонија и нашата одговорност!**
Мај 2001

Драги пријатели и колеги,

Вие веќе имате слушнато за политичка ситуација во Република Македонија. Сите ние ги следиме вестите со голема будност и грижа. Повеќето од Вас не контактираа и изразувајќи ја својата поддршка ни дадоа охрабрување во нашата работа со деца. Ви благодариме за Вашата целосна поддршка. Како организација која работи со правата на децата, заштитата на децата останува наша главна цел.

Наспроти политичките несигурности и кризи, ние ги продолживме нашите разновидни активности за заштита на детските права. Пример за нашите најчести иницијативисе:

- Низ медиумите го осудивме внатрешно - етничкото насилство.
- Дадовме соопштение што се однесува за способностите на нашето прифатилиште да биде искористено за раселени мајки и деца.
- Одржавме советувачки состанок со Македонската коалиција на НВОи за детските права (28 члена од НВОи) и како група преку медиумите го прикажавме нашиот пристап кон агресијата и потенцијалната злоупотреба на децата и младите во овие услови;
- Испративме е-маил како порака во над 300 организации и индивидуи како потик да го користат своето влијание да делуваат за позитивно решавање на конфликтот;
- Нашиот пет годишен конзул Стефан Плескониќ одржа изложба во канцелариите на НАТО во Брисел Тој се сретна со г-дин Џорџ Робертсон. Предходно тој испрати писмо до г-динот Робертсон (напишано од неговите родители со отпечаток од неговата рака) со молба да се задржи мирот во Република Македонија;
- Ние моравме да смениме некои од нашите проекти поради кризата и нестабилностите во регионот како нејзин резултат. Како на пример еден од нашите интересни проекти финансиран од ИПЕЦ, е Уличниот

детски театар, Оливер Твист, со цел да се подигне свеста за детското насилство и да се забрза процесот на ратификацијата на ИЛО Конвенцијата 182. Беше планирана турнеја во Македонија и финилизација на проектот до крајот на Април. Моравме да го лимитираме бројот на изведбите во Скопје и да ја забрзаме завршницата.

- Со финансиска помош од ИТЗ ја издадовме нашата книга наречена Моите Права, дизајнирана да ги информира децата од 9 до 12 години за нивните права. Во јуни планираме да одржиме тренинг курсеви за лидери на НВОи за детските права. Исто така планираме да развиеме кодекс на НВОи за детските права.
- Со поддршка од Македонскиот центар за меѓународна соработка МЦМС и Англиската невладина организација ВСО, нашата целокупна организациска способност беше докажана.

Драги пријатели, Ви благодариме повторно за Вашата поддршка и доверба со вклучувањето во Вашите проекти и иницијативи. Ја цениме Вашата солидарност посебно во овој неизвесен период.

Ако сакате да дознаете повеќе за Првата Детска Амбасада - Меѓаши, можете да ја посетите нашата веб страница: www.megjashi.org.mk и www.childrensembassy.org.mk.

**ИНФОРМАТОР бр.2**
**Прва Детска Амбасада во светот - Меѓаши - Република Македонија**

Кризата во Македонија и нашата одговорност!

Јуни,2001
Драги пријатели и колеги

Во објавата бр.1 од минатиот месец Ве информиравме за активностите, кои ние, како невладина организација, ги спроведовме во оваа тешка ситуација во Македонија. Во Јуни нашите активности беа:

- Изведбите на Уличниот театар за деца, Оливер Твист, беа откажани поради политичка ситуација. Последната изведба беше одржана на 25 мај пред Мек Доналдс во Скопје. Целта на оваа изведба беше да се подигне свеста и вниманието за детските потреби и забрза процесот на ратификација на Конвенцијата 182 од Интернационалната организација. Проектот беше финансиран од ИПЕК.
- На 8 јуни одржавме работна сесија со 8 преставнци од НВОи за детските права. Во текот на оваа сесија поделивме прашалник помеѓу учесниците. Резултатите од овој надзор покажаа дека секој од учесниците без исклучок, верува дека постојат големи можности и услови за промоција на цивилното општество и граѓанските иницијативи во Република Македонија.
- На 4 јуни, скоро формираната работна група за Ратификацијата на ИЛО Конвенцијата 182, се согласи да формира лоби група. Оваа лоби група има мандат за влијание на политичкиот процес за ратификација на ИЛО конвенцијата 182.
- На 16 јуни, како одговор на постоечката криза на раселените семејства во Македонија, ние отворивме прифатилиште за деца во кризна состојба и згриживме 13 раселени лица од  Арачиново - 4 семејства (8 возрасни и 5 деца).
- На 22 јуни Секретаријатот на Македонската национална коалиција на НВОи за детски права чие седиште е во ПДАСМ организираше состанок. Наведениов текс е молбата:

,Македонската национална коалиција на НВОи за детски права, во која се вклучени 32 НВОи, смета дека во оваа криза основните  детски права во Република Македонија не се почитуваат, посебно нивните права на живот, здравје, храна, мир, мир, дом и образование...

Соочувајќи се со фактот дека децата:

- Се оставени без основни животни можности (вода, храна и лекови).
- Ги губат нивните домови.
- Со сила се вооружани и вмешани во терористички групи.
- Се употребени како живи штитови.
- Изложни се на трауматски стресови.
- Подржувани се да мразат одредена религија и нација.

Ги повикуваме меѓународните и домашните организации и институции, особено оние кои што се фокусирани на правата на децата и нивната заштита (УНИЦЕФ, УНХЦР и.т.н.) да  се ангажираат повеќе во заштита на детските права без разлика на нивната националност и религија.

Ве потсетуваме дека во текот на кризите во Босна и Косово, меѓународните организации дадоа се од себе во заштитата на  правата на децата бегалци. Денеска, во текот на оваа криза во нашата земја, сеуште не сме добиле погодна асистенција и обврска од нивна страна.
Македонската национална коалиција на НВОи за детски права е длабоко загрижена околу ситуацијата и е подготвена да соработува со меѓународните  организации во најдобар интерес за децата во Македонија.

- На 25 Јуни беше родено првото бебе во прифатилиштето  на Првата детска амбасада во светот Меѓаши. Мајката Билјана Јованковиќ роди здраво машко дете (тежина: 3900 гр. должина: 52см.).
- Планираниот семинар за правата на децата, кој требаше да биде организиран со финансиска поддршка од ИТЗ, беше откажан поради  кризата  и е презакажан за во септември.

Во јуни, јули и август вложивме големи напори за да им помогнеме на раселените семејства во нашето прифатилиште.

**ИНФОРМАТОР бр.3**

**Прва детска амбасада во светот - Меѓаши - Република Македонија**

**ЈУЛИ 2001**
Ова е уште еден месец во кој ги вложувме сите наши напори за да одговориме на постоечката хуманитарна криза во нашава земја за време на конфликтот и покрај сите наши тековни активности.

*Раселените семејства*
Ние продолживме да добиваме донации од разни дарежливи индивидуи и организации кои беа наменети за раселените семејства во нашето прифатилиште. Би сакале да им се заблагодариме на следниве поради нивниот придонес: Холанданка Амбасада, МЦМС, Меѓународен Црвен Крст ( Имињата на сите донатори кои што им помогнаа на овие семејства ќе ги најдете на веб страницата њњњ.мегјасхи .орг.мк и њњњ.цхилдренсембассs.орг.мк)
Меѓаши е сега, во текот на кризава, член на кординативното тело за брза интервенција: Локално Координативно тело со цел да се справува со кризата.

*Летен Камп во Охрид*
Нашиот Летен камп - иницијатива и финансиран од Комитет за човекови права и демократија - во Охрид беше извонреден. 140 деца со различно социјално и етничко потекло партиципираа во нашиот камп од 11 јули до 8 август. Ова е пример дека кога зависи од децата воопшто не е битна етничката или религиозната припадност.

*Нови проекти и иницијативи*
Добивме потврда од Американскиот комитет за бегалци дека материјалите и обуките за децата во ромската заедница се прифатени. Друга битна иницијатива е партнерството со Полио Плус за мост меѓу НВОи и Институтот за деца со посебни способности во Демир Капија. Преку Киндернаус Еуропа - Германска организација - во средината на јули обезбедивме два камиона со добра за овој Институт. Како и да е, би сакале да ја продолжиме соработката за изнаоѓање на начини за подршка на овие деца, да ги подобриме нивните животни услови и нивната интеграција во општеството.

*Посети и мрежи*
Јули беше исто така и месец на посети од страна на интернационални организации и делегации. Некои од нашите почесни гости беа и г-ѓа Маргарет Струф од Холандската Амбасада, делегација од Советот на Европа, Каритас Франција...
Би сакале да му изразиме посебно добредојде на г-н Роман Јакиц, член на Советот на Европа од Словенија, кој стана наш чл;ен за време на неговата посета на Македонија.

*Нов дипломатски пасош*
Нов корисник на нашиот дипломатски пасош е Г-н Алекс Денеф од Белгија.

*Состанок со заменикот министер*
Првата детска амбасада во светот Меѓаши имаше состанок со заменикот министер за труд и социјалната политика, г-н Ристо Ѓеорѓиев, во врска со ратификација на ИЛО конвенцијата 182 и препораката за елиминација на злоупотребата на детскиот труд. Ратификацијата беше закажана за 69 седница на Собранието на Република Македонија, но поради политичката состојба во нашата земја, ратификацијата е ставена на чекање. Заменикот министер Ѓеорѓиев изјави дека ќе се залага за побрзо ратификување на Конвенцијата.

Првата Детска Амбасада во Светот - Меѓаши - Република Македонија

Еве краток опис на некои од возбудливите нови и тековни иницијативи на Меѓаши.

*1. Нова партнерска иницијатива со ромската заедница*
Како што беше претходно напоменето, со финансиска помош на АРЦ и УНХЦР, сега ние изнаоѓаме начини да ги адаптираме алатките за едукација на децата за нивните права во ромската заедница. Пет ромски НВОи се согласија да бидат дел од работните групи во овој проект. Една НВО ќе се ангажира околу една фокус група за да добие феедбацк од вклучените страни (вклучувајќи ги и Ромските бегалци) во врска со едукациските материјали. Преку овие фокус групи, ние исто така ќе бараме идеи за што е можен поадекватен начин да ги презентираме информациите на заедницата. Проектот ќе кулминира во развојот со развивањето на најдобар практичен модел и тренинг сесии за правата на децата во ромската заедница кои ќе се одржат во Декември 2001. Резултатите од овие истражувања ќе бидат дистрибуирани низ нашата мрежа во Македонија и интернационално. Наши партнери НВО во Ромскита заедница се: Центар за деца и млади - Прилеп, Ромската Асоцијација за жени и деца - Лулуди - Скопје, Ромската хуманитарна асоцијација - Месечина - Гостивар, Ромската хуманитарна асоцијација - ФУРД, Делечево, Ромската републичка организација за заштита на правата на Ромите - Скопје.

*2. Кодекс на НВОи за детски права во Р.Македонија.*
Меѓаши е почестена да објави дека сега го имаме првиот кодекс на НВОи за детски права во Р.Македонија. Овој проект беше поддржан и финансиран од ИТЗ. Во вторник, 5 Септември 2001 на состанок на здружението на НВОи за детските права, 12 НВОи членки дадоа поддршка и коментари на кодексот. Документот беше разгледан, усогласен и потпишан од присутните членови на состанокот. Можета во аттацх да ја видите Англиска копија на документот. Ова е важен чекор за Македонските НВОи и голема можност за дискусија на теми поврзани со демократијата, етносите , бројноста и транспарентноста. Со потпишувањето на овој Кодекс сите 12 НВОи станаа официјални членови на Унијата на НВОи за детски права.

*3. Делување како ментор на ново формирана НВО*

Меѓаши во моментов делува како како ментор на 3 НВОи за детските права. Овие НВОи се: Центри за заштита и подобрување на детските права - Пробиштип, Асоцијација за заштита на правата на децата - Пријатели (ФРИЕНДС) - Куманово, Асоцијација за екологија - НАТУРА, Скопје. Уште еден важен проект кој ние се сложивме да го менторираме е проектот на група на раселени лица од Арачиново, наречено ЗОРА. Целта на оваа организација е да влијае врз донесувањето одлуки во процесот поврзан со иднината на раселените лица од Арачиново, низ различни активности кои што ќе се стремат за собирање информации кои понатаму ќе бидат споделени со одредени владини и невладини тела. Улогата на Меѓаши досега е да им помогне во развивањето ннивниот предлог проект за АРЦ.

*4. Локални хуманитарни координативни тела во Македонија.*

Меѓаши е исто така и активен член на координативното тело кое што беше формирано од страна на Македонскиот центар за меународна соработка (МЦМС). Ако сакате да најдете повеќе информации за ова координативно тело и неговата одговорност за постоечката криза во Македонија може да ја посетите веб страната: www.aidmacedonia.org.mk или ако сакате да имате повеќе информации за МЦМС: www.mcms.org.mk

*5. Летен  камп во Охрид.*

200 деца од различни етнички групи (социјално загрозени семејства и раселени деца од Тетово, Куманово, Скопје и соседните села) учествуваа во летниот камп во Охрид.. Овој проект беше финансиран од Комитетот за човекови права и демократија - Германија. Во овој проект Меѓаши делуваше како партнер. Кампот траеше од Јули до средината на Август. Ова создаде можност младите луѓе да се запознаат и играат во порелаксирано опкружување.

*6.Нови бебиња во прифатилиштето*

Среќни сме да објавиме дека од Јуни се родија две нови бебиња  во семејставата од Арачиново кои што престојуваат во нашето прифатилиште. Сите ние го имавме задоволството да ги пречекаме Александар во Јуни и Марија во Август. Продолживме да добиваме донации за семејствата од индивидуи и организации. Доколку сакате да дознаете повеќе за ова, можете да ја посетите нашата

веб страна: www.megjashi.org.mk i www.childrensembassy.org.mk
линк за кризи во Македонија.